Здружение за еднакви можности, поддршка и унапредување на статусот на жените и младите **ЕКВАЛИТИКО** Скопје

# ПРАВИЛНИК

## за Односи и комуникација со медиуми

Предмет на овој Правилник е да се одреди начинот на остварување на комуникацијата на членовите и претставниците на Здружението ЕКВАЛИТИКО со средствата за јавно информирање (медиуми). Целта на Правилникот е да ги опише сите активности за остварување на ефикасна комуникација со медиумите и односи со јавноста.

Член 1

Во рамки на работењето на организацијата потребно е да се планира, развие и имплементира и стратегија за односни со јавноста (медиуми) како и да се одржува редовна комуникација со сите печатени и електронски медиуми.

Член 2

Да се води редовно ажурирање на медиумската листа и да се подготвуваат медиумски текстови за одредени значајни настани и активности.

Член 3

При организирање на настани, зависно од типот на настанот (работилници, семинари) доколку се наменети за посебно определена целна група, до медиумите се доставува прес-соопштение со цел информирање за претстојните настани и/или се даваат изјави и интервјуа пред или после настаните.

Член 4

Доколку се работи за јавни дебати од суштинско значење кои би предизвикале одредена поголема и позначајна социо-економска промена, се доставува покана и краток бриф за дебатата како и се дава изјави пред или после настаните.

Член 5

Во однос на социјалните медиуми, да се максимизира присуство на веб и да се таргетираат луѓе кои се мнозинство потенцијални следачи на работата на Здружението и на темите кои Здружението со својата работа ги опфаќа.

Правилникот стапува на сила од денот на негово потпишување.